Врз основа на член 16 и 18 од Законот за Здруженија и Фондации ("Службен весник на Република Македонија" бр.52 од 16.04 2010 година), Основачкото Собрание на Здружението на граѓани Интер Клуб Армата од Скопје на Основачкото Собрание одржано на 08.04.2011 година, го донесе следниов:

# СТАТУТ

**на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА- Скопје**

## I. Општи одредби

**Член 1**

Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА - Скопје е здружение формирано со слободно здружување на граѓани заради остварување и усогласување на нивните интереси како и за вршење на дејности и активности кои се стремат кон промовирање и афирмација на Ф.Ц. Интер во Република Македонија.

**Член 2**

Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со Уставот на Република Македонија, Законите и со овој Статут.

**Член 3**

Називот на здружението е Здружение на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

Скратен назив на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје е Интер Клуб Армата.

**Член 4**

Седиштето на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје е во Скопје на ул. Павле Илиќ бр. 37-20.

Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје ќе се организира и делува начелно на подрачјето на Република Македонија, а во соработка со други институции или организации, особено на меѓународни настани и манифестации може да дејствува и надвор од границите на Република Македонија.

За исполнување на целите и задачите предвидени со овој Статут, Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје може да стапува во сојузи со други организации или да стане членка на други домашни и меѓународни организации.

Одлука за пристапување кон сојузи и зачленување во други организации носи Управниот Одбор на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје може да остварува соработка со други домашни и меѓународни организации заради остварување на статутарните, програмските и проектните цели и задачи.

Во меѓународната комуникација ќе се користи називот: Inter Club Armata.

**Член 5**

Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје е правно лице.

Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје има свој печат и штембил.

Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје има свој амблем. Амблемот прикажува штит со змија во кружна основа.

Печатот е тркалезен и го содржи името на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје, а во средината се наоѓа амблемот на здружението.

Штембилот на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје е правоаголен со текст од претходниот став.

## II. Цели и задачи

**Член 6**
Граѓаните се здружени во Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје, а како посебни цели и задачи се издвојуваат:
- промоција на спортот (фудбалот) и спортските активности како правилен начин на дружење на младите од Македонија,
- организирање на фановите на Интер во Македонија во едно организирано тело – Здружение на граѓани Интер Клуб Армата,
- известување за актуелните новости за фудбалскиот клуб Ф.Ц. Интер,
- информирање на членовите за се она што ќе организира Интер Клуб Армата,
- Организирање и реализација на посети во Милано на фудбалски натпревари на Ф.Ц. Интер,
- Организирање и реализација на групно следење на некои од натпреварите на Ф.Ц. Интер во некои од локалните кафулиња, и
- Соработка со сродни организации.

## III. **Членување во** Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје

**Член 7**
Член во Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје може да биде секој граѓанин, државјанин на Република Македонија, кој доброволно ќе пристапи кон здружението на начин утврден со статутот.

За зачленување на лица кои се помлади од 14 години потребна е согласност од родител или старател. Овие лица немаат право на глас во донесувањето на одлуки во Собранието и не можат да бидат членови на Управниот одбор се до навршување на 18 годишна возраст, кога по автоматизам ги добиваат тие права.

Зачленувањето се врши со пристапница, односно со издавање на членска книшка, која при исклучување или престанок на членувањето задолжително се враќа.

Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје за своите членови како и за членовите на органите води регистар на членството, кој се ажурира најмалку еднаш на две години.

**Член 8**
Зачленувањето се врши со поднесување на пристапница до било кој член на Управниот одбор, кој по утврдувањето дека кандидатот ги исполнува условите од член 7 го предлага кандидатот за прием во членството на следната седница на Управниот Одбор.

При исклучување или престанок на членувањето, пристапницата задолжително му се враќа на членот.

**Член 9**

Престанок на членството во Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје се врши по претходно писмено барање на членот до Управниот одбор во рок од 10 дена од денот на поднесеното барање.

Исклучување од членство се врши поради:

- Груба повреда на Статутот, Законите и Уставот на Република Македонија. Како груба повреда секогаш ќе се смета постапување спротивно на одредбите на Законот за Здруженија и фондации;
- Нередовно плаќање на членарина;
- Негативно делување во рамките на самото Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје како и делување кое е во спротивност со неговите интереси.

За исклучувањето од членство одлучува Управниот Одбор со мнозинство од гласовите на присутните членови.

**Член 10**

Прави и обврски на членовите на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје се:

- Да присуствуваат редовно на седниците на Собранието на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;
- Да земат конкретно учество во остварување на Програмата на активностите на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;
- Да ги користат членските права и поволности;
- Да предлагаат, избираат и да бидат бирани во телата на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;
- Да бидат известувани за работата, да даваат предлози, мислења, приговори и забелешки за работата на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје и органите на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;
- Да ги почитуваат статутот, другите акти, правилата и дисциплината на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;
- Редовно да плаќаат членарина;
- Да го подигаат и да го чуваат угледот на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;
- Да се воздржуваат од надворешни влијанија кон Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;
- Да предлагаат решенија од заеднички интерес;
- Да ги усогласуваат своите ставови со другите претставници;
- Да работат на развивање и унапредување на заедничките и другите активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци.

## V. Остварување на јавност во работата

**Член 12**

Работата на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите и на пошироката јавност за работењето и активностите на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

Јавноста во работењето се обезбедува и со поднесување на извештаи за работата на органите и телата на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје, извештаи за материјално-финансиското работење еднаш годишна на веб страната на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.
За информирањето на членовите и пошироката јавност ќе се користи веб-сајтот fcinter.com.mk како и останати ТВ, радио и пишани медиуми.

Веб сајтот fcinter.com.mk поседува правна независност во однос на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје како и неговото постоење и престанок.

## VI. **Финансирање на** Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје

**Член 13**
Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје остварува средства од:

- Донации;
- Членарини;
- Од спонзорства од страна на трговски друштва;
- Од организаирање на акции и манифестации
- Од други услуги.

**Член 14**
Користењето и располагањето со средствата на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје добиени по основите од предходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми.

**Член 15**
За користење и располагање со средствата одлучува Управниот одбор на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, презема мерки за економско целообразно користење на средствата и спречување и отстранување на незаконитостите.

**Член 16**
Управниот одбор на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 13 од Статутот, како и расходите за активности на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје, за набавка на опрема, за наменски фондови, за учество на локални и меѓународни семинари и обуки, материјални трошоци за работа на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје, и други расходи сврзани за работата.

## VII. Управување со Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје

**Член 17**
Со Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје управува организирано членство на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје преку свои претставници во органите на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

## VIII. Органи на Здружението на граѓани Интер Клуб Армата

**Член 18**
Органи на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје се:

1. Собрание
2. Управен Одбор
3. Финансиски Ревизор
4. Генерален Секретар

Работата во органите на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје по правило е доброволна и бесплатна, а членовите на органите на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје можат да примаат единствено надоместок на патни и дневни трошоци за вршење на работи во интерес на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

Вработените лица во Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје имаат право на плата и надоместоци во согласност со закон и колективен договор.

**1. Собрание**
**Член 19**
Собранието е највисоко тело на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје кое го сочинуваат сите членови на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

Собранието одлучува на седници.

Седниците на Собранието ги раководи Претседателот на Собранието кој се избира од редот на членовите на Собранието. Во случај на отсутност или спреченост на претседателот, неговата работа ја извршува Заменик претседателот кого го именува Управниот Одбор.

Мандатот на Претседателот и Заменик претседателот на Собранието е 4 години.

Претседателот за својата работа одговара пред Управниот Одбор.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 20**
Претседателот на Собранието:

- Се грижи за подготвување на седниците на Собранието во соработка со Генералниот секретар;
- Потпишува договори, одлуки, општи акти и други акти кои ги донесува Собранието;
- Извршува и други работи кои не се во исклучива надлежност на Управниот Одбор, а се однесуваат на постигнување статутарни цели на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

**Член 21**
Седници на Собрание свикува Претседателот на Собранието.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Управниот одбор на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје или по предлог на 1/3 од вкупниот број на членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 30 дена од денот на поднесениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.

**Член 22**
Собранието на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје од редовите на своите членови избира Управен одбор кој е извршен орган на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје, на редовно и вонредно собрание.

**Член 23**
Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило ги донесува одлуките со мнозинство гласови од присутните членови.

Во надлежност на собранието е следното:

- Го донесува Статутот на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје и врши измени и дополнувања на истиот;
- Избира и разрешува членови на Управниот одбор, Финансискиот Ревизор, Претседател и заменик претседател на Собранието и Генерален Скеретар на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;
- Го разгледува и усвојува извештајот за работа на Управниот одбор помеѓу две собранија;
- Ја следи материјално-финансиската состојба на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје помеѓу две собранија;
- Расправа за постигнатите резултати и дава насоки за натамошен развој на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;
- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавања на прашања од интерес на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;
- Решава за формирање на ограноци на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;
- Одлучува за престанок на работата на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје со 2/3 мнозинство;
- Донесува одлука за формирање на трговско друштво согласно Законот за трговски друштва;
- Врши други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

**2. Управен Одбор**
**Член 24**
Управниот одбор на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје е извршен орган во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје во согласност со Статутот.

**Член 25**
Управниот одбор на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје брои 5 члена.

Членовите ги избира Собранието на седница.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 (четири) години со можност за повторен избор. Управниот одбор од своите редови избира Претседател и Заменик претседател со мандат од 4 (четири) години со можност за повторен избор.

**Член 26**
Претседателот на Управниот одбор:
- Го претставува и застапува Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;

- Се грижи за подготвување на седниците Управниот одбор, во соработка со Генералниот Секретар и Заменик претседателот;

- Потпишува договори, одлуки, општи акти и други акти кои ги донесува Управниот одбор;

- Во договор со Генералниот Секретар и Заменик претседателот на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје донесува одлуки за службени патувања во странство, а кога патува во странство заедно со Заменик претседателот и по можност со лице кое добро го познава италијанскиот јазик во својство на преведувач, му поднесува извештај за патувањето на Управниот одбор;

- Извршува и други работи кои не се во исклучива надлежност на Собранието или на Управниот Одбор, а се однесуваат на постигнување статутарни цели на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

**Член 26**

Во надлежност на Управниот одбор е следното:

- ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје, како и одлуките и заклучоците на Собранието;
- донесува и реализира годишна програма за работа;
- предлага измени и дополнување на Статутот;
- донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- свикува седници на Собранието и припрема материјали;
- именува и разрешува Секретар на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;
- донесува одлуки за формирање на постојни и повремени комисии, и ја насочува нивната работа;
- донесува финансиски план и усвојува завршна сметка на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;
- организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- донесува одлуки за набавка и оттуѓување на основните средства;
- донесува одлуки по приговори и жалби на членството;
- констатира прием на нови членови во Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје и од Законот.

**Член 27**

Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

Управниот одбор се состанува и одржува седници по потреба.

Седницата на Управниот одбор ја свикува Претседателот.

Предлог за свикување на Управнниот одбор може да поднесе една половина од членовите на Управниот одбор, Заменик претседателот по потреба и во ситуација на отсутност или спреченост на Претседателот како и една третина од членовите во Собранието. Со седницата раководи и претседава Претседателот, а во негово отсуство или спреченост Заменик претседателот.

**3. Финансиски Ревизор**

**Член 28**

Заради контрола во извршувањето на статутарните и програмските задачи и одлуки на Собранието и Управниот одбор, Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје има Финансиски Ревизор.

**Член 29**

Финансискиот Ревизор врши контрола над спроведувањето на одредбите на овој Статут и контрола за наменско располагање со средствата и приходите на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

Своите наоди и одлуки Финансискиот Ревизор ги доставува до Управниот одбор и Собранието на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

Финансискиот Ревизор се именува за време од 4 (четири) години и може повторно да биде реизбран.

**4. Генерален Секретар**

**Член 30**

Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје има Генерален Секретар, кој помага при извршувањето на одлуките на органите.

За Генерален секретар може да биде именувано лице од редовите на членовите со соодветна стручност и искуство.

Генералниот секретар се именува за време од 4 (четири) години и може повторно да биде реизбран.

Управниот Одбор може да го разреши Генералниот секретар и пред истекот на мандатот, ако утврди дека не ги извршува задачите утврдени со овој Статут и другите општи акти.

**Член 31**

Во надлежност на Генералниот секретар е:

- Ги спроведува одлуките, заклучоците и другите акти на Собранието, Управниот Одбор и Финансискиот Ревизор;

- Предлага и одговорен е за спроведување на програмата и планот за развој кој го донесува Собранието и Управниот Одбор;

- Ја координира работата на формираните комисии доколку ги има;

- Го организира информирањето за работата на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;

- Одговорен е за подготовка на седниците на Собранието и Управниот Одбор;

- На Управниот Одбор му предлага донесување на општи акти со кои се уредува внатрешната организација на работа и работните задачи, работни односи, дисциплинска и материјална одговорност, обезбедување и распоредување на парични средства и други прашања кои се однесуваат на работата и работните задачи;

- Наредбодавач е за извршување на финансискиот план и користење на средства во рамки на неговите овластувања;

- Одговорен е за законитоста во работата на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје;

- Извршува и други работи утврдени со овој Статут и другите акти.

## IX. Стручни работи

**Член 32**

Стручните, развојните, материјално-финансиските и административно-техничките работи ги извршуваат членовите на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје со соодветна стручност и искуство како и волонтери кои не се членови.

Организацијата и начинот на извршување на работите и задачите, како и потребниот број на луѓе, ќе се утврди со општите акти на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје, кои на предлог на Генералниот секретар, ги донесува Управниот Одбор.

## X. Бавење со други дејности

**Член 33**

Поради остварување на одредени цели и задачи, задоволувајќи ги интересите и потребите на членовите, Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје може непосредно да обавува дејности кои се во согласност со законот и другите прописи, а особено:

- Прибирање средства од економска пропаганда;
- Издавање весници, брошури, книги, тестови и обрасци, пропаганден материјал и сл;
- Издавање и продажба на сувенири и галантериска стока, и
- Други работи во согласност со Закон и овој Статут.

## XI. Службена тајна

**Член 34**

Службена тајна на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје ја сочинуваат документи и податоци чие издавање на неовластено лице би било спротивно на работењето на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје и би штетело на интересите и угледот на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

Управниот Одбор одредува кои документи и податоци се службена тајна, како и останати прашања во врска со службена тајна.

За службена тајна се сметаат податоци кои Управниот одбор како доверливи ги доставува до Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

Службената тајна се должни да ја чуваат сите членови на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје кои на било каков начин ќе дознаат за документи или податоци кои се утврдени како службена тајна.

Обврската за чување на службената тајна останува и после престанок на членството во здружението во рок од 2 години по престанувањето на членството во Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

Повреда на одредбите на овој Статут кои се однесуваат на службена тајна претставува причина за исклучување од членството на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје како и поведување на соодветна кривична постапка.

## XII. Награди и признанија

**Член 35**

Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје може да дава награди и признанија на поединци и организации заслужни за постигнување и остварување на неговите цели и задачи.

## XIII. **Престанок на** Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје

**Член 36**

Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје ќе престане со работа ако за тоа одлучат членовите на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.
Одлука за престанок на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје донесува Собранието со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови.

Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА - Скопје ќе престане со работа ако настапат причини утврдени во член 63 од Законот.

**Член 37**

По престанокот на работата на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на Управниот одбор кој ќе продолжи со организирано дејствување од ист вид.

## XIV. Преодни и завршни одредби

**Член 38**

Право на толкување на одредбите на овој Статут има секој член на Собранието на Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје, како и членовите на органите во Здружението на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА – Скопје.

**Член 39**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

**Член 40**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува со денот на упис во Централниот Регистар.

Здружение на фанови ИНТЕР КЛУБ АРМАТА **од Скопје, 08.04.2011 година**

**Претседател на Управен Одбор**
**Мартин Спиров**

**Заменик претседател на Управен одбор**
**Никола Стружанчев**